**ОБРАЌАЊЕ НА МО МИСАЈЛОВСКИ – DCAF (Democratic Control of Armed Forces) РОДОВА САМОПРОЦЕНКА**

20.05.2025, х. Лимак, Скопје

Добар ден на сите,

Почитувана Претседателке,
Почитуван Началник,
Почитувани генерали,
Почитувани амбасадори,
дами и господа,
почитувани пратеници,

Родовата еднаквост во денешното современо општество е ништо помалку од една цивилизациска вредност. Таа е можност општеството да го сублимира сиот својот потенцијал и капацитет, да создаде синергија која ќе биде моторот за заеднички развој.

Современото македонско општество никогаш не правело разлика помеѓу мажите и жените. Како граѓани секогаш сме негувале и практицирале меѓусебна и взаемна почит затоа што историски ние го почитуваме и вреднуваме придонесот кој секој еден граѓанин го дал кон заедничко добро.

Токму затоа, предвид ги земаме и потребите, интересите и приоритетите – и на жените и на мажите. Не правиме дистинкција за да создадеме поделби, туку да креираме рамнотежа и различните искуства и гледишта да ги искористиме како ткиво кое нè сврзува, како богатство кое мора да се негува.

За нас приоритет е поголемата застапеност на жените во безбедносните структури – не само како бројка, туку како квалитет. Можеби најзначајниот чекор го направија македонските граѓани кои со изборот на првата врховна командантка на Армијата, претседателката Сиљановска – Давкова на оваа врвна државна позиција, покажаа дека се ослободени од стегите на тоа дали државата, а со тоа и вооружените сили на чело имаат маж или жена. Македонскиот народ одбра квалитет.

Институциите ја слушнаа и таа порака. Министерството за одбрана и Армијата водени и од принципите на Обединетите Нации, Европската Унија, Советот на Европа, ОБСЕ, НАТО, како и националните стандарди и политики, посветено работат на унапредување и спроведување на родово одговорни политики. Одбраната како носител на родовите политики на национално ниво го изготви и Вториот Национален Акциски План (2020–2025) за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста. Планот е значаен документ, имајќи предвид дека е еден вид на одговор на барањата содржани во Резолуцијата

1325, и дополнителните резолуции, како и Агендата 2030 за жените, мирот и безбедноста на Обединетите Нации.

Нашата посветеност ја гледаме и во законските рамки – секако во Законот за одбрана, Законот за служба во Армијата и Законот за вработените во Министерството за одбрана. Таму е јасно видлив и запазен принципот на еднаквоста.

Одиме и чекор понапред – ги јакнеме механизмите за родова еднаквост, фокусирани на родовата обука на сите нивоа во Министерството и Армијата. Тоа ни овозможува да го мултиплицираме нашиот потенцијал и да донесеме вистински решенија во подобрување на внатрешната структура, лидерството, кадровските политики, работните услови но и инфраструктурата.

Навраќајќи се на основната причина зошто сме денеска тука – родовата самопроценка, ќе цитирам дел од главните наоди кои го покажуваат нашето место и достигнувањата во оваа област. Во неа е јасно наведено дека „евидентно е постигнат напредок во зголемувањето на бројот на жените во Министерството и во Армијата" и дека „постои охрабрувачки и позитивен тренд на поголема застапеност на жените на раководните позиции во Министерството."

И факт, убава вест која вчера и ја спомнав и на Претседателката е дека во Министерството за одбрана, како што спомнавте и вие, најпочитувана институција помеѓу граѓаните, и се разбира Армијата. Во Министерството на раководни позиции, односно службеници се 52,3 %, затоа можеби сме и најдобра институција во очите на граѓаните

Процентот на застапеност на жените мора да продолжи да се зголемува. Разбирањето за тоа како ефективно да ја унапредиме родовата еднаквост во практиката мора да се развива. Перцепцијата за тоа дали мажите и жените се во поповолна положба при поставување, унапредување и професионален развој во Министерството и Армијата мора да се гради во една насока – дека тоа не зависи од родот, туку единствено од личните капацитети и мотивацијата да се даде сѐ за службата, за одбраната, се да се даде за татковината.

Почитувани,
би сакал да им се заблагодарам на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, ДИКАФ за нивната поддршка и на сите вработени во Министерството и Армијата кои беа дел од овој процес. Мојата порака е дека во мене имате вистински поддржувач во спроведувањето на сите политики за родова еднаквост зашто јас И лично И како министер за одбрана цврсто верувам дека еден

човек може да се разликува единствено во посветеноста, професионалноста и личниот интегритет и во ништо друго.

Ви благодарам многу.